Трговија на големо со книги	366	0.2	Wholesale trade services of books
Трговија на големо со весници и списанија	52	0.0	Printed newspapers and journals
Трговија на големо со игри и играчки	81	0.0	Wholesale trade services of games and toys
Трговија на големо со спортска опрема (вклучувајќи велосипеди)	183	0.1	Wholesale trade services of sporting equipment
Трговија на големо со производи од кожа и патна опрема	19	0.0	Wholesale trade services of leather goods
Трговија на големо со компјутери, компјутерска периферна опрема и софтвер	2 533	1.6	Wholesale trade services of computing machinery and parts and accessories thereof
Трговија на големо со електронска и телекомуникациска опрема и делови	1 449	0.9	Wholesale trade services of music and video recordings
Трговија на големо со машини, опрема и прибор за земјоделство и шумарство, вклучувајќи трактори	775	0.5	Wholesale trade services of other office machinery and equipment
Трговија на големо со канцелариски мебел	87	0.1	Wholesale trade of office and shop furniture
Трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива и слични производи	44 046	26.8	Wholesale trade services of automotive fuel
Трговија на големо со дрва, градежен материјал и санитарна опрема	3 066	1.9	Wholesale trade services of construction materials
Трговија на големо со бои , премачкувачи и лакови	717	0.4	Wholesale trade services of paints, varnishes and lacquers
Трговија на големо со железна стока, цевки , уреди и опрема за водовод и централно греење	4 775	2.9	Wholesale trade services of hardware, plumbing and heating equipment and supplies
Трговија на големо со ѓубрива и агрохемиски производи	3 208	2.0	Wholesale trade services of fertilisers and agrochemical products
Трговија на големо со хартија и картон	783	0.5	Wholesale trade services of stationery
Трговија на големо со пластични маси и гума во примарни форми	599	0.4	Wholesale trade services of corrugated paper and paperboard and containers of paper and paperboard
Неспецијализирана трговија на големо	1 187	0.7	Non-specialised wholesale trade services
Други на друго место во номенклатурата неспомнати производи	15 005	9.1	Other miscellaneous articles
Отпадоци	703	0.4	Wholesale trade services of waste and scrap

[1)]Според двегодишниот извештај / According to the biennial report

Т-14.03.6: Меѓународни саеми и изложби, 2016

T-14.03.6: International fairs and exhibitions, 2016

Назив	Место на излагање	Време на излагање Time of exhibition	Посе-тители Visitors	Излагачи Partici-pants	Place	Title
„Саем на градежништво“ - градежни материјали, градежна механизација	Скопје	01.03-05.03	10 096	200	Skopje	"Build and Construct" - building materials, construction machinery
„Мебел“- мебел, декорација, опрема за домаќинството		22.03-27.03	46 542	600		"Mebel" - furniture, decoration, equipment for household
„Меѓународен саем на книгата и либрографика“		12.04-18.04	28 361	87		"International Book and Librographics Fair"
„Образование и кариера" - образовна манифестација		14.04-16.04	28 361	16		"Education and Career" - educational event
„Скопје Травел маркет“ - меѓународен саем на туризам		14.04-16.04	28 361	50		"Skopje Travel Market" - international tourism fair
„Транспорт и логистика“ - меѓународен саем на транспорт		25.05 - 28.05	5 000	30		"Transport and logistics" - international transport fair
„Скопје аутлет саем“ - Скопје аутлет саем		16.09-25.09	6 000	50		"Skopje Outlet Fair" - Skopje outlet fair
„Технома“ - црна и обоена металургија, неметали и градежништво		18.10-22.10	10 748	500		"Tehnoma" - black and coloured metallurgy, non-metals and construction

15. Одржлив развој

15. Sustainable development

15. Одржлив развој

Методолошки објаснувања **607**

15.01. Социо-економски развој

Т-15.01.1: Стапка на пораст на реалниот бруто-домашен производ, по жител 611
Т-15.01.2: Учество на вкупните инвестиции во основни средства во БДП[1)], по сектори 611
Т-15.01.3: Учество на трошоците за истражување и развој во вкупниот БДП[1)] 611
Т-15.01.4: Државен долг, % од БДП 611
Т-15.01.5: Енергетска интензивност на економијата 612
Т-15.01.6: Стапка на вработеност на лица на возраст од 20 до 64 години, вкупно и по пол 612
Т-15.01.7: Стапка на невработеност на лица на возраст од 15 до 74 години 612

15.02. Одржлив модел на потрошувачка и производство

Т-15.02.1: Комунален отпад, по жител 613
Т-15.02.2: Површина под органско земјоделство 613
Т-15.02.3: Потрошувачка на електрична енергија во домаќинствата 613

15.03. Социјална вклученост и демографски промени

Т-15.03.1 Стапка на сиромаштија, по возраст и по пол 614
Т-15.03.2: Лица кои живеат во семејства без вработени, по возрасни групи 614
Т-15.03.3: Вкупна стапка на долгорочна невработеност 614
Т-15.03.4: Лица кои рано го напуштаат образованието 614
Т-15.03.5: Лица вклучени во процесот на доживотно учење 615
Т-15.03.6: Стапка на вработеност на лица на поголема возраст 615
Т-15.03.7: Очекувана должина на животот на 65 години, по пол 615

15.04. Климатски промени и енергија

Т-15.04.1: Енергетска потрошувачка во секторот Транспорт, во однос на БДП 616
Т-15.04.2: Учество на обновливата во вкупната потребна енергија 616
Г-15.04.1: Енергетска зависност 617
Г-15.04.2: Биохемиска потрошувачка на кислород во реките 617

15. Sustainable development

Notes on methodology **609**

15.01. Socioeconomic development

T-15.01.1: Growth rate of real GDP per capita 611
T-15.01.2: Share of gross fixed capital formation in GDP[1)], by sectors 611
T-15.01.3: Share of research and development expenditure in the total GDP[1)] 611
T-15.01.4: General government debt, % of GDP 611
T-15.01.5: Energy intensity of the economy 612
T-15.01.6: Employment rate of persons aged 20-64, total and by gender 612
T-15.01.7: Unemployment rate of persons aged 15-74 612

15.02. Sustainable consumption and production

T-15.02.1: Municipal waste, per capita 613
T-15.02.2: Area under organic farming 613
T-15.02.3: Electricity consumption of households 613

15.03. Social inclusion and demographic changes

T-15.03.1: At-risk-of-poverty rate by age and gender 614
T-15.03.2: People living in jobless households, by age groups 614
T-15.03.3: Total long-term unemployment rate 614
T-15.03.4: Early school-leavers 614
T-15.03.5: Lifelong learning 615
T-15.03.6: Employment rate of older workers 615
T-15.03.7: Life expectancy at age 65, by gender 615

15.04. Climate changes and energy

T-15.04.1: Energy consumption of transport relative to GDP 616
T-15.04.2: Share of renewables in gross inland energy consumption 616
G-15.04.1: Energy dependency 617
G-15.04.2: Biochemical oxygen demand in rivers 617

Методолошки објаснувања

Одржливиот развој, како глобален концепт, претставува развој што овозможува задоволување на потребите на сегашните, без да се загрози можноста за задоволување на потребите на идните генерации.

Тоа е предизвик со кој се соочува секој човек, земја, светот воопшто, со цел да се обезбеди континуиран напредок на квалитетот на животот и благосостојбата на земјата за сегашните и идните генерации, но и цел според која треба да се раководат сите преземени активности и политики. Остварувањето на оваа цел значи создавање на економија со полна и висококвалификувана вработеност, квалитетна здравствена заштита, социјална и територијална кохезија, како и заштита на животната средина, сето тоа во услови на мирен и безбеден свет.

Прогресот во реализацијата на поставените цели на одржливиот развој се следи преку сет на индикатори, дефиниран од страна на Европската комисија. Станува збор за индикатори со повеќестран карактер кои ја одразуваат економската, социјалната, еколошката и, во извесна мера, институционалната димензија на одржливиот развој.

Во оваа публикација е направен избор од расположливиот сет на индикатори1). Индикаторите се пресметани врз основа на информациите со кои располага статистичкиот систем и методологијата усогласена со онаа на Европската унија. Индикаторите само го прикажуваат трендот на одредена појава, без да прејудицираат одржливост или не.

Дефиниции

Бруто-домашниот производ, како мерка за економската активност, е дефиниран како разлика меѓу вредноста на произведените стоки и услуги и употребените производи и услуги за нивно создавање. Стапката на реален пораст на БДП, по жител, е пресметана од вредностите изразени преку постојани цени (2005) со цел да се прикажат само волуменските движења, односно да се елиминира влијанието на инфлацијата врз стапката на пораст.

Учество на инвестициите во основни средства во БДП, по сектори. Стапката го покажува делот од БДП употребен од страна на државата, деловниот и секторот Домаќинства, за инвестиции.

Учество на трошоците за истражување и развој во БДП. Индикаторот го покажува учество на трошоците за истражување и развој во вкупниот бруто-домашен производ. БДП е пресметан во согласност со ЕСС 2010.

Државен долг, како процент од бруто-домашниот производ. Индикаторот го претставува долгот на општата влада (централната, локалната власт, како и јавните фондови), како процент од БДП.

Енергетската интензивност на една економија претставува мерка за годишната потреба од енергија за производство на една единица на економски аутпут. Намалената енергетска интензивност значи помало количество на енергија потребно за производство на ист аутпут, што е поврзано со енергетската ефикасност. Индикаторот се пресметува како сооднос меѓу бруто-потребната потрошувачка на енергија (изразена во тони на масло еквивалент) и БДП (по постојани цени од 2005, во евра).

Стапката на вработеност претставува однос меѓу бројот на вработени лица на возраст меѓу 20 и 64 години и вкупното население од истата возрасна група. Индикаторот е пресметан врз основа на Анкетата за работната сила. Вработеното население се состои од оние лица кои во референтната недела работеле за плата или профит најмалку еден час или не работеле, а имале работа од која привремено биле отсутни.

Вкупната стапка на невработеност претставува учество на невработените лица на возраст од 15 до 74 години во вкупната работна сила. Работната сила ја сочинуваат вкупниот број вработени и невработени лица. Индикаторот е претставен како вкупна стапка на невработеност, по пол и по возрасни групи, според бројот на невработени лица во однос на вкупното население од истата целна група.

Комунален отпад, по жител. Индикаторот ја претставува количината на создадениот комунален отпад собран од и за сметка на комуналните претпријатија и одложен преку системот за управување со отпадот. Создадениот отпад

[1)] За целокупниот сет на индикатори погледнете на http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=47

[2)] Номенклатура на територијални единици за статистика

го опфаќа отпадот од домаќинствата, комерцијалните и трговските дејности, деловните згради, јавните институции, малите бизниси, отпадот од дворовите и градините, содржината на контејнерите за отпад, уличниот смет и сметот од пазарите. За областите кои не се опфатени со системот за комунален отпад, количините се проценети.

Површина под органско земјоделство. Индикаторот се дефинира како дел од вкупната користена земјоделска површина (КЗП) под органско земјоделство (постоечките области со органски фарми и областите во процес на конверзија). Органското земјоделство е метод на производство кој најголем акцент посветува на заштитата на животната средина, како и на состојбата на животните при одгледувањето на добитокот. Органскиот метод избегнува или во голема мера ја намалува употребата на синтетички хемиски производи како што се ѓубрива, пестициди, адитиви и медицински производи.

Потрошувачката на електрична енергија во секторот Домаќинства ја дефинира количината на електрична енергија потрошена од страна на домаќинствата за потребите за загревање на просторот и водата, како и за сите електрични апарати.

Стапка на сиромаштија - Индикаторот е дефиниран како процент на лица што живеат под линијата на сиромаштија, дефинирана како 60% од медијалниот еквивалентен приход (пред или по социјалните трансфери).

Лица кои живеат во домаќинства без вработени лица - учество на лица, по возрасни групи, кои живеат во домаќинства во кои нема вработени лица. Индикаторот е пресметан врз основа на податоците од Анкетата за работната сила.

Стапката на долгорочна невработеност го прикажува учеството на лицата кои биле невработени 12 месеци и повеќе во однос на вкупниот број на активни лица на пазарот на трудот. Активното население го сочинуваат вработените и невработените лица.

Лица кои рано го напуштаат училиштето - учество на лицата на возраст од 18 до 24 години кои немаат никакво или имаат најмногу основно образование, во однос на вкупната популација од истата возрасна група.

Лица вклучени во процесот на доживотно учење - учество на лицата на возраст од 25 до 64 години кои учествуваат во процесот на образование и обука, во вкупната популација од истата возрасна група.

Стапка на вработеност на лица на поголема возраст претставува стапка на вработеност на лица на возраст од 55 до 64 години и се пресметува како процент од истата возрасна група.

Очекувана должина на животот на 65 години, по пол, означува просечен број на години на живот кои би ги доживеале мажи или жени кои имаат наполнето 65 години, врз основа на влијанието што врз нивниот живот ќе го има моменталната стапка на морталитет (веројатност за смрт на одредена возраст).

Енергетска потрошувачка во секторот Транспорт, во однос на БДП. Индикаторот претставува сооднос на енергетската потрошувачка во транспортот и БДП (претставен како верижен индекс со цени од 2000 година). Потрошувачката на енергија ги опфаќа сите видови на транспорт (патен, железнички и авиосообраќај).

Учество на обновливата во вкупната потребна енергија - процентуално учество на обновливата енергија во вкупната потребна енергија.

Енергетската зависност покажува колкава е потребата на една економија од увоз на енергија со цел да ги задоволи енергетските потреби. Таа се пресметува како сооднос меѓу нето-увозот и вкупно потребната енергетска потрошувачка и залихите.

Биохемиска потрошувачка на кислород во реките се дефинира како просечна годишна количина на биохемиска потрошувачка на кислород во реките (БПК5) и претставува количина на кислород која е неопходна за аеробните микроорганизми да ги разложат органските материи во единица примерок на вода во текот на пет дена. Индикаторот е мерка за квалитетот на водата: колку е пониска вредноста на БПК5, толку водата е поквалитетна.

Notes on methodology

Sustainable development as a global concept means that the needs of the present generation should be met without compromising the ability of future generations to meet their own needs. It is a challenge that each person, country, and the whole world in general is faced with, in order to ensure continuous improvement of the quality of life and well-being for present and future generations; it is also an objective that all undertaken actions and policies should conform to.

Achievement of this aim means creating an economy with full and qualified employment, quality health care, social and territorial cohesion, as well as environmental protection, all this in a safe and peaceful world.

The progress in realizing the defined objectives is monitored through a set of indicators, defined by the European Commission. The indicators have a multi-domain character and reflect the economic, social, environmental, and, to a certain degree, the institutional dimension of sustainable development.

In this publication a selection has been made from the available set of indicators1). The indicators are compiled on the basis of information that the State Statistical Office has at its disposal, and the methodology, which is harmonized with that of the European Union. At the same time, the indicators simply show the trend of a certain phenomenon, without prejudicing sustainability or non-sustainability.

Definitions

Gross domestic product (GDP) as a measure of economic activity is defined as the value of all goods and services produced less the value of any goods or services used in their creation. The annual growth rate of GDP per capita is calculated from figures at constant prices (2005) since these give volume movements only, i.e. price movements will not inflate the growth rate.

Share of gross fixed capital formation in GDP. This indicator is defined as total gross fixed capital formation (GFCF) expressed as a percentage of GDP, for the government, business and households sectors.

Share of research and development expenditure in GDP. The indicator is defined as the percentage share of gross domestic expenditure on Research and Development (R&D) in gross domestic product. GDP has been revised according to ESA 2010.)

The dispersion of regional GDP (NUTS 3 level)2), per inhabitant is measured by the sum of the absolute differences between regional and national GDP per inhabitant, weighted with the share of population and expressed in percent of the national GDP per inhabitant. The indicator is calculated from regional GDP figures based on the European System of Accounts (ESA95).

General government debt - this indicator represents the general government debt as a percentage of GDP. The general government sector comprises the subsectors of central government, state government, local government and social security funds.

The energy intensity of the economy is a measure of the amount of energy needed to produce one unit of economic output. A reduction in energy intensity means that less energy is needed to produce the same output and is thus related to energy efficiency. The indicator presented here is calculated as the ratio of gross inland energy consumption (in tonnes of oil equivalent) to GDP (at constant 2005 prices, in euro)**.**

The employment rate is calculated by dividing the number of persons aged 20 to 64 in employment by the total population of the same age group. The indicator is based on the Labour Force Survey. Employed population consists of those persons who during the reference week did any work for pay or profit for at least one hour, or were not working but had jobs from which they were temporarily absent.

[1] For the entire set of indicators, please see http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija_en.aspx?id=47

[2] Nomenclature of Territorial Units for Statistics

Total unemployment rate represents the share of unemployed persons aged 15 to 74 as a percentage of the labour force. The labour force is the total number of people employed and unemployed. The indicator is illustrated as total unemployment rate, by age group and gender, as a share of unemployed in the total population of the same age group and gender.

Municipal waste represents the amount of municipal waste generated and collected by or on behalf of municipal authorities and disposed of through the waste management system.

Area under organic farming - this indicator is defined as the share of total utilised agricultural area (UAA) occupied by organic farming (existing organically-farmed areas and areas in process of conversion). Organic farming is a method of production, which puts the highest emphasis on environmental protection and, with regard to livestock production, animal welfare considerations. It avoids or largely reduces the use of synthetic chemical inputs such as fertilisers, pesticides, additives and medical products.

Electricity consumption of households is defined as the quantity of electricity consumed by households that covers all use of electricity for space and water heating and all electrical appliances.

At-risk-of-poverty rate. The indicator is defined as a percentage of persons with an equivalent disposable income below the risk-of-poverty threshold, which is set at 60% of the national median equivalent disposable income

People living in jobless households - this indicator is calculated as the share of persons, by age group, who are living in households where no one works. The indicator is based on the Labour Force Survey.

The 'long-term unemployment rate' is the share of unemployed persons for 12 months or more in the total number of active persons in the labour market. The total active population is the total number of the employed and unemployed population.

Early school-leavers - this indicator is defined as the percentage of the population aged 18-24 with no or with at most lower secondary education and not in further education or training.

Lifelong learning - this indicator is defined as the share of the adult population aged 25 to 64 participating in education and training, in the total population of the same age group.

The employment rate of older workers is calculated by dividing the number of persons aged 55 to 64 in employment by the total population of the same age group. The indicator is based on the EU Labour Force Survey.

Life expectancy at age 65 represents the mean number of years still to be lived by a man or a woman who has reached the age 65, if subjected throughout the rest of his or her life to the current mortality conditions (age-specific probabilities of dying).

Energy consumption of transport, relative to GDP - this indicator is defined as the ratio between the energy consumption of transport and GDP (chain-linked volumes, at 2000 exchange rates). The energy consumed by all types of transport (road, rail, inland navigation and aviation) is covered.

Share of renewables in gross inland energy consumption is defined as the percentage share of renewables in gross inland energy consumption.

Energy dependency shows the extent to which an economy relies upon imports in order to meet its energy needs. The indicator is calculated as net imports divided by the sum of gross inland energy consumption plus bunkers.

Biochemical oxygen demand in rivers is defined as the mean annual BOD5 in rivers. BOD5 is a measure of the amount of oxygen required by aerobic microorganisms to decompose organic substances in a water sample over a period of five days. It is a measure of the quality of water: the lower the value of BOD5, the higher the water quality.

Т-15.01.1: Стапка на пораст на реалниот бруто-домашен производ, по жител

T-15.01.1: Growth rate of real GDP per capita

%

	2005	2006	2007	2008	2009	2010	2011	2012	2013	2014	2015[1)]	
Реален бруто-домашен производ, по жител	4.5	5.0	6.3	5.3	-0.5	3.1	2.2	-0.6	2.8	3.5	3.7	Growth rate of real GDP, per capita

[1)] Претходни податоци

[1)] Preliminary data

Т-15.01.2: Учество на вкупните инвестиции во основни средства во БДП, по сектори

T-15.01.2: Share of gross fixed capital formation in GDP, by sectors

%

	2007	2008	2009	2010	2011	2012	2013	2014	2015[1)]	
Вкупни инвестиции	**22.7**	**25.8**	**24.6**	**23.1**	**23.5**	**23.4**	**23.7**	**23.4**	**23.1**	**Total investment**
Деловен	10.9	12.3	12.4	11.2	12.2	12.0	12.4	11.9	12.1	Business
Држава	3.1	4.2	3.8	4.1	4.3	3.9	4.2	4.8	4.7	Government
Домаќинства	8.8	9.3	8.3	7.8	7.1	7.5	7.1	6.7	6.3	Households

[1)] Претходни податоци

[2)] Preliminary data

Т-15.01.3: Учество на трошоците за истражување и развој во вкупниот БДП[1)]

T-15.01.3: Share of research and development expenditure in the total GDP[1)]

%

	2006	2007	2008	2009	2010	2011	2012	2013	2014	2015[1)]	
Дисперзија на регионалниот БДП, по жител	0.19	0.17	0.22	0.20	0.22	0.22	0.33	0.44	0.52	0.44	Dispersion of regional gross domestic product per capita

[1)] Претходни податоци

[1)] Preliminary data

Т-15.01.4: Државен долг, % од БДП

T-15.01.4: General government debt, % of GDP

%

	2005	2006	2007	2008	2009	2010	2011	2012	2013	2014	2015	2016	
Долг на општата влада, % од БДП	36.7	30.6	23.5	20.5	23.6	24.1	27.7	33.7	34.0	38.2	38.1	39.1	General government debt, % of GDP

Извор: Министерство за финансии

Source: Ministry of Finance

Т-15.01.5: Енергетска интензивност на економијата

T-15.01.5: Energy intensity of the economy

кгме/1000 евра | kgoe /1000 euro

	2006	2007	2008	2009	2010	2011	2012	2013	2014	2015[1)]	
Енергетска интензивност	482.5	471.3	440.7	408.6	403.7	431.6	414.2	373.2	349.6	338.0	Energy intensity

[1)] Претходни податоци

[1)] Preliminary data

Т-15.01.6: Стапка на вработеност на лица на возраст од 20 до 64 години, вкупно и по пол

T-15.01.6: Employment rate of persons aged 20-64, total and by gender

%

	2005	2006	2007	2008	2009	2010	2011	2012	2013	2014	2015	2016	
Вкупно	**42.1**	**43.9**	**45.0**	**46.3**	**47.9**	**48.1**	**48.4**	**48.2**	**50.3**	**51.3**	**51.9**	**53.3**	**Total**
Мажи	50.6	53.6	54.0	56.2	58.4	58.4	57.8	57.5	59.7	61.6	61.5	63.7	Men
Жени	33.3	34.0	35.8	36.2	37.1	37.5	38.8	38.7	40.7	40.8	42.1	42.5	Women

Извор: Анкета за работната сила

Source: Labour Force Survey

Т-15.01.7: Стапка на невработеност на лица на возраст од 15 до 74 години

T-15.01.7: Unemployment rate of persons aged 15-74

%

	2005	2006	2007	2008	2009	2010	2011	2012	2013	2014	2015	2016	
Вкупно	**37.3**	**36.0**	**34.9**	**33.8**	**32.2**	**32.0**	**31.4**	**31.0**	**29.0**	**28.0**	**26.1**	**23.7**	**Total**
Мажи	36.5	35.3	34.5	33.5	31.8	31.9	31.8	31.5	29.0	27.6	26.7	24.4	Men
Жени	38.4	37.2	35.5	34.2	32.8	32.3	30.8	30.3	29.0	28.6	25.1	22.7	Women
Возраст													Age group
15-24	62.6	59.8	57.7	56.4	55.1	53.7	55.3	53.9	51.9	53.1	47.3	48.2	15-24
25-74	33.7	32.5	31.6	30.5	29.0	29.3	28.5	28.2	26.3	25.2	23.8	21.3	25-74

Извор: Анкета за работната сила

Source: Labour Force Survey

Т-15.02.1: Комунален отпад, по жител

T-15.02.1: Municipal waste, per capita

кг/жител — kg/capita

	2012	2013	2014	2015	2016	
Создаден	**382**	**384**	**370**	**380**	**376**	**Generated waste**
Собран/одложен на депонија	270	269	276	300	295	Collected / landfilled waste

Т-15.02.2: Површина под органско земјоделство

T-15.02.2: Area under organic farming

% од — % of

	2009	2010	2011	2012	2013	2014	2015	2016	
Обработлива земјоделска површина	**0.27**	**1.03**	**1.29**	**0.91**	**0.62**	**0.46**	**0.51**	**0.63**	**Cultivated agricultural area**
Вкупна земјоделска површина	0.14	0.47	0.59	0.37	0.25	0.19	0.21	0.26	Total utilised agricultural area

Т-15.02.3: Потрошувачка на електрична енергија во домаќинствата

T-15.02.3: Electricity consumption of households

кт маслени еквиваленти — kt oil equivalents

	2005	2006	2007	2008	2009	2010	2011	2012	2013	2014	2015[1)]	
Сектор Домаќинства	257.0	262.0	261.1	269.4	283.7	277.9	287.6	280.5	263.5	261.9	270.1	Household sector

[1)] Претходни податоци

[1)] Preliminary data

Т-15.03.1 Стапка на сиромаштија, по возраст и по пол

T-15.03.1: At-risk-of-poverty rate by age and gender

(60% од медијалните еквивалентни приходи) (60% of median equivalent income)

	2014			2015			
	Вкупно Total	Мажи Men	Жени Women	Вкупно Total	Мажи Men	Жени Women	
Вкупно	**22.1**	**22.3**	**21.9**	**21.5**	**21.5**	**21.5**	**Total**
0-17	29.0	29.2	28.9	28.6	28.6	28.6	0-17
18-64	21.4	21.4	21.4	20.7	20.7	20.7	18-64
65 и повеќе	14.5	14.9	14.1	14.5	13.2	15.6	65 and over

Извор: Анкета за приходи и услови за живеење

Source: Survey on Income and Living Conditions

Т-15.03.2: Лица кои живеат во семејства без вработени, по возрасни групи

T-15.03.2: People living in jobless households, by age groups

%

Возраст Age	2008	2009	2010	2011	2012	2013	2014	2015	2016
0-17	23.4	19.2	21.4	22.3	21.3	16.3	15.7	16.2	11.6
18-59	18.7	16.1	16.6	17.3	16.4	13.8	13.0	13.1	11.1

Извор: Анкета за работната сила

Source: Labour Force Survey

Т-15.03.3: Вкупна стапка на долгорочна невработеност

T-15.03.3: Total long-term unemployment rate

%

	2005	2006	2007	2008	2009	2010	2011	2012	2013	2014	2015	2016	
Вкупна стапка на долгорочна невработеност	32.3	31.1	29.7	28.7	26.3	26.7	25.9	25.5	23.9	23.4	21.3	19.2	Total long-term unemployment rate

Извор: Анкета за работната сила

Source: Labour Force Survey

Т-15.03.4: Лица кои рано го напуштаат образованието

T-15.03.4: Early school-leavers

%

2005	2006	2007	2008	2009	2010	2011	2012	2013	2014	2015	2016
23.1	22.2	19.9	19.6	16.2	15.5	13.5	11.7	11.4	12.5	11.4	9.9

Извор: Анкета за работната сила

Source: Labour Force Survey

Т-15.03.5: Лица вклучени во процесот на доживотно учење

T-15.03.5: Lifelong learning

%

2005	2006	2007	2008	2009	2010	2011	2012	2013	2014	2015	2016
2.3	2.3	2.8	2.5	3.3	3.2	3.4	4.0	3.5	3.1	2.5	2.8

Извор: Анкета за работната сила

Source: Labour Force Survey

Т-15.03.6: Стапка на вработеност на лица на поголема возраст

T-15.03.6: Employment rate of older workers

%

	2005	2006	2007	2008	2009	2010	2011	2012	2013	2014	2015	2016	
Вкупно	**26.2**	**27.9**	**28.8**	**31.7**	**34.6**	**34.2**	**35.4**	**35.4**	**37.9**	**38.6**	**40.1**	**40.7**	**Total**
Мажи	36.0	39.0	38.6	43.0	47.6	46.7	47.3	46.6	49.4	50.3	52.2	55.0	Men
Жени	17.0	17.5	19.6	21.1	22.4	22.4	24.0	24.5	26.6	27.1	28.3	26.6	Women

Извор: Анкета за работната сила

Source: Labour Force Survey

Т-15.03.7: Очекувана должина на животот на 65 години, по пол

T-15.03.7: Life expectancy at age 65, by gender

години years

	2005	2006	2007	2008	2009	2010	2011	2012	2013	2014	2015	
Мажи	13.5	13.4	13.5	13.6	13.8	13.9	14.0	14.1	14.3	14.4	14.4	Men
Жени	15.7	15.2	15.4	15.4	15.7	15.8	16.0	16.0	16.1	16.2	16.2	Women

Т-15.04.1: Енергетска потрошувачка во секторот Транспорт, во однос на БДП

T-15.04.1: Energy consumption of transport relative to GDP

мил./тони CO_2 еквиваленти — million tonnes CO_2 equivalent

	2005	2006	2007	2008	2009	2010	2011	2012	2013	2014	2015[1)]	
кгме/1000 евра	**59.9**	**56.8**	**61.2**	**59.6**	**63.4**	**64.1**	**65.6**	**63.8**	**70.6**	**71.4**	**78.7**	**kgoe/1000 euro**
2010=100	93.5	88.6	95.4	92.9	99.0	100.0	102.4	99.6	110.2	111.4	122.8	2010=100

[1)] Претходни податоци

[1)] Preliminary data

Т-15.04.2: Учество на обновливата во вкупната потребна енергија

T-15.04.2: Share of renewables in gross inland energy consumption

%

	2005	2006	2007	2008	2009	2010	2011	2012	2013	2014	2015[1)]	
Вкупно	**10.2**	**10.9**	**7.8**	**8.4**	**11.2**	**14.6**	**10.4**	**10.0**	**11.0**	**11.0**	**15.6**	**Total**
Хидро	4.4	4.8	2.8	2.4	3.9	7.3	3.9	3.0	4.9	3.8	5.9	Hydro
Биомаса	7.1	7.0	6.2	6.3	7.0	6.7	6.6	7.6	8.0	8.7	8.8	Biomass
Геотермална	0.3	0.3	0.3	0.3	0.3	0.4	0.4	0.3	0.3	0.3	0.3	Geothermal
Биодизел	0.0	0.0	0.0	0.0	0.1	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	Biodiesel
Соларна	-	-	-	-	-	0.0	0.0	0.0	0.0	0.0	0.1	Solar electricity
Ветерна	-	-	-	-	-	-	-	-	-	0.2	0.4	Wind electricity
Биогасна електрична енергија	-	-	-	-	-	-	-	-	-		0.1	Biogas electricity

[1)] Претходни податоци

[1)] Preliminary data

Г-15.04.1: Енергетска зависност

G-15.04.1: Energy dependency



[1] Претходни податоци

[1] Preliminary data

Г-15.04.2: Биохемиска потрошувачка на кислород во реките

G-15.04.2: Biochemical oxygen demand in rivers



16. Структурни деловни статистики

16. Structural business statistics

16. Структурни деловни статистики

Методолошки објаснувања **620**

Т-16.1: Основни структурни деловни показатели, по сектори на дејност 622

Т-16.2: Основни структурни деловни показатели, по сектори на дејност 623

Т-16.3: Број на вработени лица според големината на претпријатието, 2015 624

Т-16.4: Промет на претпријатијата според бројот на вработени лица, 2015 625

Т-16.5: Додадена вредност на претпријатијата по фактор на трошок, според бројот на вработени, 2015 626

Г-16.1: Основни структурни деловни показатели, по групи на сектори на дејност, 2015 627

Г-16.2: Структура на додадената вредност по фактор на трошок, по групи на сектори на дејност, 2015 628

Г-16.3: Основни структурни деловни показатели според бројот на вработени, 2015 628

16. Structural business statistics

Notes on methodology **621**

T-16.1: Basic structural business indicators, by activity sector 622

T-16.2: Basic structural business indicators, by activity sector 623

T-16.3: Total number of employees by enterprise size classes, 2015 624

T-16.4: Turnover by size classes of number of employees, 2015 625

T-16.5: Value added at factor cost, by size classes of number of employees, 2015 626

G-16.1: Basic structural business indicators, by group of activity sector, 2015 627

G-16.2: Value added at factor cost, by group of activity sector, 2015 628

G-16.3: Basic structural business indicators, by size classes of number of employees, 2015 628

Методолошки објаснувања

Извори и методи на прибирање на податоци

Структурните деловни статистики (СДС) ја прикажуваат структурата на дејностите кои се вршат во една економија преку следење на активноста на деловните субјекти во конкретната дејност. Со пресметките на СДС се обезбедуваат индикатори за прометот, додадената вредност, бруто-деловниот вишок и сл., врз основа на книговодствената евиденција на деловните субјекти. Со тоа се овозможува следење на работењето и структурните промени на деловните субјекти што претставува основа за пазарни анализи и донесување на деловни одлуки, а воедно претставува и основа за оцена на основните макроекономски показатели.

За пресметка на основните податоци за деловните субјекти се користат расположливите административни и статистички извори.

Основен извор на податоците претставуваат годишните финансиски извештаи кои деловните субјекти ги доставуваат до Централниот регистар и Управата за јавни приходи. Податоците произлегуваат директно од сметководствената евиденција на претпријатијата.

Дополнително се користат и податоци од статистички истражувања кои ги спроведува Државниот завод за статистика.

Опфат

Во пресметките се опфатени активните деловни субјекти од нефинансискиот сектор чијашто главна дејност според Националната класификација на дејностите - НКД Рев.2 припаѓа во секторите: **Б** (Рударство и вадење на камен), **В** (Преработувачка индустрија), **Г**(Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација), **Д** (Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината), **Ѓ** (Градежништво), **Е** (Трговија на големо и мало; поправка на моторни возила и мотоцикли), **Ж** (Транспорт и складирање), **З** (Објекти за сместување и сервисни дејности со храна), **S** (Информации и комуникации), **Ј** (Дејности во врска со недвижен имот), **К** (Стручни, научни и технички дејности), **Л** (Административни и помошни услужни дејности), **О 95** (Поправка на компјутери и предмети за лична употреба и за домаќинства).

Дефиниции

Бројот на претпријатија се дефинира како вкупен број на регистрирани правни или физички лица кои биле активни барем во еден дел од референтниот период.

Бројот на вработени се дефинира како број на лица кои склучиле договор за работа и добиваат плата или друг вид надоместок од работодавачот.

Прометот се дефинира како вкупна фактурирана вредност на производи, стоки и услуги продадени на трети лица , која не го содржи данокот на додадена вредност. Финансиските, вонредните и останатите приходи не се вклучени во прометот.

Додадена вредност по фактор трошок на производството претставува бруто-приход од работењето на деловните субјекти по коригирањето со субвенциите и индиректните даноци. Во пресметката на додадената вредност се вклучува вредноста на производството и субвенциите, намалена за даноците на производи и производство и вредноста на меѓуфазната потрошувачка која ги опфаќа трошоците за материјали, производни и непроизводни услуги и дел од останатите лични расходи. Приходите и расходите класифицирани како финансиски се исклучени од додадената вредност.

Трошоци за вработените ги опфаќаат сите плаќања во готово или во натура кои работодавецот ги плаќа на постојано или повремено вработените лица за извршената работа во референтниот период. Исто така, се опфаќаат даноци и придонеси за социјално осигурување на вработените кои одат на товар на работодавачот како и останати надоместоци на вработените како што се за храна, превоз, отпремнини, награди, помош на вработените и сл.

Бруто-деловен вишок претставува разлика помеѓу додадената вредност пресметана по фактори на трошок на производството и средствата за вработените.

Notes on methodology

Sources and methods of data collection

Structural business statistics (SBS) describe the structure of economic activities, by observing the units engaged in certain activities.Structural business statistics calculations provide indicators such as turnover, value added, gross operating surplus, etc. that enable the monitoring of the operations and the structural changes of the business entities, which constitutes the basis for market analysis and business decision-making, as well as for the assessment of basic macroeconomic indicators.

For the production of structural business statistics, both the available administrative and statistical data sources are used. The main data sources are the annual financial reports that business entities are obliged to submit to the Central Register and the Public Revenue Office. Data are provided directly from the enterprise accounting records. In addition, data from other statistical surveys carried out by the State Statistical Office are also used.

Scope

SBS calculations cover active business entities in the non-financial sector whose main activity according to the National Classification of Activities - NKD Rev.2 belongs to the following sectors: **(B)** Mining and quarrying; **(C)** Manufacturing; **(D**) Electricity, gas, steam and air conditioning supply; **(E)** Water supply; sewerage waste management and remediation activities; **(F)** Construction; **(G)** Wholesale and retail trade; repair of motor vehicles and motorcycles; **(H)** Transport, and storage; **(I)** Accommodation and food service activities; **(J)** Information and communication; **(L)** Real estate activities; **(M)** Professional, scientific and technical activities; **(N)** Administrative and support service activities; **(S 95)** Repair of computers and personal and household goods.

Definitions

Number of enterprises is the number of registered legal or natural persons which were active during at least a part of the reference period.

The number of employees is defined as number of persons who work for an employer and who have a contract of employment and receive compensation in the form of wages and salaries.

Turnover comprises the total accrued incomes from market sales of goods or services to third parties, with the exception of deductible VAT. Incomes classified as financial, other and extraordinary ones are excluded.

Value added at factor costs is the gross income from operating activities after adjusting for subsidies and indirect taxes. The calculation of value added includes the production value and subsidies on products and production, less taxes on production, taxes on products and the value of intermediate consumption that includes cost of materials, cost of industrial services, cost of non-industrial services and part of other personnel costs.

Personnel costs include all payments in cash or in kind, paid by an employer to regular and temporary employees in return for the work done by the latter during the reference period. They also include taxes and employees' social security contributions paid by the employer, as well as other personnel costs such as payments in consideration of dismissal, gratuities, cost of living and family allowances, transport, etc.

Gross operating surplus is the surplus generated by operating activities of the enterprise after labor factor input has been remunerated. It can be calculated from the value added at factor cost less personnel costs.

Т-16.1: Основни структурни деловни показатели, по сектори на дејност

T-16.1: Basic structural business indicators, by activity sector

	Сектори на дејност	Број на претпријатија Number of enterprises		Број на вработени Number of employees		Промет Turnover во милиони денари / in million denars			Sectors of activity
		2014	2015	2014	2015	2014	2015		
	Вкупно	**53 749**	**54 738**	**353 312**	**369 237**	**1 012 301**	**1 075 007**		**Total**
Б	Рударство и вадење на камен	158	170	4 178	4 257	12 546	13 270	B	Mining and quarrying
В	Преработувачка индустрија	7 085	7 362	108 566	113 264	255 533	281 595	C	Manufacturing
Г	Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација	133	143	7 974	8 013	63 101	70 248	D	Electricity, gas, steam and air conditioning supply
Д	Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината	269	248	10 193	10 214	10 548	10 032	E	Water supply; sewerage, waste management and remediation activities
Ѓ	Градежништво	3 959	4 133	28 022	30 218	68 887	81 055	F	Construction
Е	Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли	23 093	22 896	92 606	95 041	442 253	456 112	G	Wholesale and retail trade; repair of motor vehicles and motorcycles
Ж	Транспорт и складирање	5 493	5 549	30 842	32 234	64 515	65 681	H	Transport and storage
З	Објекти за сместување и сервисни дејности со храна	4 093	4 222	19 821	21 544	14 211	15 685	I	Accommodation and food service activities
S	Информации и комуникации	1 399	1 535	11 463	13 464	37 556	36 063	J	Information and communication
Ј	Дејности во врска со недвижен имот	489	527	2 193	2 111	4 791	5 795	L	Real estate activities
К	Стручни, научни и технички дејности	5 975	6 306	18 651	19 853	23 837	23 612	M	Professional, scientific and technical activities
Л	Административни и помошни услужни дејности	1 067	1 122	17 697	17 946	13 575	14 987	N	Administrative and support service activities
О 95	Поправка на компјутери и предмети за лична употреба и за домаќинствата	536	525	1 106	1 078	948	872	S95	Repair of computers and personal and household goods

Т-16.2: Основни структурни деловни показатели, по сектори на дејност

T-16.2: Basic structural business indicators, by activity sector

	Сектори на дејност	Додадена вредност по фактор на трошок Value added at factor cost		Трошоци за вработените Personnel costs		Бруто- деловен вишок Gross operating surplus			Sectors of activity
		во милиони денари / in million denars							
		2014	2015	2014	2015	2014	2015		
	Вкупно	**213 205**	**230 424**	**106 205**	**110 790**	**107 000**	**119 635**		**Total**
Б	Рударство и вадење на камен	6 705	6 949	1 914	1 921	4 791	5 028	B	Mining and quarrying
В	Преработувачка индустрија	56 887	59 893	30 072	31 629	26 815	28 265	C	Manufacturing
Г	Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација	14 543	16 263	5 590	5 544	8 953	10 719	D	Electricity, gas, steam and air conditioning supply
Д	Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината	4 960	5 199	3 313	3 450	1 647	1 749	E	Water supply; sewerage, waste management and remediation activities
Ѓ	Градежништво	19 841	23 763	10 367	10 151	9 475	13 612	F	Construction
Е	Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли	50 358	54 398	23 942	25 273	26 415	29 124	G	Wholesale and retail trade; repair of motor vehicles and motorcycles
Ж	Транспорт и складирање	19 055	20 880	9 785	10 242	9 270	10 637	H	Transport and storage
З	Објекти за сместување и сервисни дејности со храна	4 914	4 964	3 392	3 797	1 521	1 167	I	Accommodation and food service activities
S	Информации и комуникации	15 706	16 350	6 355	7 024	9 351	9 326	J	Information and communication
Ј	Дејности во врска со недвижен имот	3 220	3 604	877	883	2 343	2 721	L	Real estate activities
К	Стручни, научни и технички дејности	11 515	11 928	6 073	5 911	5 442	6 017	M	Professional, scientific and technical activities
Л	Административни и помошни услужни дејности	5 166	5 908	4 300	4 744	866	1 163	N	Administrative and support service activities
О 95	Поправка на компјутери и предмети за лична употреба и за домаќинствата	335	326	224	218	111	107	S95	Repair of computers and personal and household goods

Т-16.3: Број на вработени лица според големината на претпријатието, 2015

T-16.3: Total number of employees by enterprise size classes, 2015

Сектори на дејност		Вкупно Total	Големина на претпријатието според бројот на вработени Enterprise size classes by number of employees						Sector of activity
			0 -9	10-19	20 - 49	50 - 249	250+		
Б	Рударство и вадење на камен	**4 257**	356	282	763	413	2 443	B	Mining and quarrying
В	Преработувачка индустрија	**113 264**	15 102	8 552	14 167	35 782	39 661	C	Manufacturing
Г	Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација	**8 013**	217	96	99	514	7 087	D	Electricity, gas, steam and air conditioning supply
Д	Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината	**10 214**	474	319	762	3 654	5 005	E	Water supply; sewerage, waste management and remediation activities
Ѓ	Градежништво	**30 218**	8 981	4 011	4 779	6 272	6 175	F	Construction
Е	Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли	**95 041**	50 479	10 542	11 682	12 093	10 245	G	Wholesale and retail trade; repair of motor vehicles and motorcycles
Ж	Транспорт и складирање	**32 234**	12 234	4 032	3 740	4 727	7 501	H	Transport and storage
З	Објекти за сместување и сервисни дејности со храна	**21 544**	10 947	4 293	3 556	2 493	255	I	Accommodation and food service activities
S	Информации и комуникации	**13 464**	2 769	1 309	1 872	2 898	4 616	J	Information and communication
Ј	Дејности во врска со недвижен имот	**2 111**	735	270	395	395	316	L	Real estate activities
